РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА
Бр. 08-4225/3
31.10 2022 год.
КРИВА ПАЛАНКА

Врз основа на член 97 од Законот за општа управна постапка („Службен весник на Република Македонија“ бр.145/2015), Градоначалникот на Општина Крива Паланка, го донесе следното:

# Р Е Ш Е Н И Е
## за исправка на Јавен повик
## за аплицирање на кандидати за волонтирање во Општина Крива Паланка

1. СЕ ВРШИ исправка на Јавен повик за аплицирање на кандидати за волонтирање во Општина Крива Паланка број 08-4225/1 од 28.10.2022 година, со тоа што во деловите од јавниот повик каде е наведно „високо образование“ ќе стои „средно образование“.
2. Во останатиот дел Јавен повик за аплицирање на кандидати за волонтирање во Општина Крива Паланка број 08-4225/1 од 28.10.2022 година, останува неизменет.
3. Ова Решение е составен дел на Јавен повик за аплицирање на кандидати за волонтирање во Општина Крива Паланка број 08-4225/1 од 28.10.2022 година.

## О б р а з л о ж е н и е

Општина Крива Паланка објави Јавен повик за аплицирање на кандидати за волонтирање во Општина Крива Паланка број 08-4225/1 од 28.10.2022 година, по што е утврдено дека е направена техничка грешка при изработка на истиот. Имено во јавниот повик во делот „ Кандидатите кои ќе поднесат апликација за волонтерство во Општина Крива Паланка треба да имаат завршено високо образование од соодветната област, да имаат или да немаат работно искуство во струката и во делот - фотокопија од уверение или диплома за завршено високо образование од соодветната област“ по грешка е ставено високо образование, кое со ова решение се менува и гласи „со средно образование“.

Поради наведеното се донесе наведеното решение.

Изготвил Раководител на ОЧР
Игор Додевски

ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА
Градоначалник
Сашко Митовски